РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08-536/7
01.11. 20 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.10.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки и инженерство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по техничко - технолошки науки, специјалност компјутерски науки и инженерство /во меѓународен промет академски назив: PhD in technical sciences in the field of computer science and engineering.. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика, 109 Математика, Научно - истражувачки област: 11000. Информатика 11001. Теорија на системи и контрола 11002. Информациони системи и програмирање 11003. Програмски јазици и системи 11004. Нумеричка анализа 11005. Вештачка интелигенција 11006. Сметачки интегрирани методи и апликации 11007. Алгоритми 11008. Оптимизација 11009. Симулација 11010. Развивање на софтвер и бази на податоци 11011. Друго 21201 Програмски јазици и технологии 21203. Бази на податоци 21204. Обработка на информации 21205. Вештачка интелигенција и системи 21206. Процесирање на податоци 21207. Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) 21208 Друго 10907 Математичка статистика и операциони истражувања 10909 Теорија на веројатноста 10912. Применета математика и математичко моделирање 10913. Програмирање.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р д-р Смиле Марковски, проф. д-р Маргита Кон-Поповска , проф. д-р Данчо Давчев, проф.д-р Љупчо Коцарев, проф.д-р Жанета Попеска, проф. д-р Марјан Гушев, проф.д-р Катерина Здравкова, проф. д-р Сузана Лошковска, проф. д-р Коста Митрески, проф. д-р Верица Бакева, проф. д-р Владимир Трајковиќ, проф.д-р Ана Мадевска Богданова, проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, проф. д-р Димитар Трајанов, проф. д-р Андреа Кулаков, проф. д-р Љупчо Антовски, проф.д-р Марија Михова, проф.д-р Слободан Калајџиски, проф.д-р Невена Ацковска, проф.д-р Горан Велинов, проф.д-р Анастас Мишев, проф. д-р Соња Филипоска, проф.д-р Иван Чорбев, проф. д-р Ласко Баснарков, проф.д-р Боро Јакимовски, проф. д-р Весна Димитрова, проф. д-р Соња Гиевска, проф.д-р Ивица Димитровски, проф. д-р Игор Мишковски, проф. д-р Ѓорѓи Маџаров, проф. д-р Смилка Јанвеска Саркањац, вон. проф. д-р Миле Јованов, вон. проф. д-р Билјана Стојкоска Ристеска, вон. проф.д-р Александра Поповска Митровиќ вон. проф.д-р Билјана Тојтовска Рибарски, вон. проф. д-р Андреја Наумоски, вон. проф. д-р Ристе Стојанов.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/76 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото

образование, достави барање со нивен бр.03-175/2 од 27.01.2023 година (наш бр. 08 - 536/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 536/6 од 27.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.10.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова